МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

# МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД

СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

## ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ BOOKS OF ABSTRACTS

















UDK: 61+061.231=866=20 CODEN:MKMPA3 ISSN0025-1097

МАКЕД. МЕД. ПРЕГЛЕД | ГОД 63 (SUPL.75) | СТР 1-202 | 2009

Министер за здравство Д-р. Бујар Османи
Здружение на трансфузиолозите на Р. Македонија
Прим. Д-р Ристо Дуковски
Вон. Проф. д-р Миленка Благоевска , Асс.мед.сци д-р Анита Христова Димчева
Асс. м-р д-р Рада Грубовиќ, Асс. д-р Виолета Дејанова – Илиевска, Спец. биох. д-р по биоло. Виолета Нецева

проф.д-р Перко Колевски, проф. д-р. Стојанка Костовска, проф.д-р. Воскресија Стефановска, вон. проф. д-р. Миленка Благоевска, насл. вон. проф. д-р. Владимир Миленков, насл. вон. проф. д-р. Олга Тодоровска, доц. д-р. Кочо Димитровски, асс. мед. сци д-р Анита Христова Дамчева, прим. мед. сци д-р Никола Камчев, м-р д-р Елизабета Тодоровска, асс. м-р д-р Татијана Макаровска, асс. м-р д-р Емилија Велкова, прим. д-р Михајло Баламовски.

м-р. сци д-р Розмари Каламарас, прим. д-р Николина Димоска, прим. д-р Јулијана Алексевска, прим. д-р Горан Андонов, прим. д-р Кире Лазаревски, м-р по здрав. менаџ Лолита Митевска, д-р Марија Алексоска, спец по мед ген Петковска Виолета, д-р Ќани Јонузи, д-р Седула Усеини, прим д-р Атанас Трајков, д-р Румјана Апостоловска, д-р Иванка Николовска, д-р Менде Шурбевски, д-р Татјана Тимова.

Д-р Бујар Османи – Министер за здравство,
Проф. д-р Никола Јанкуловски – Декан на Медицински факултет,
Проф. д-р Јован Тофоски – Претседател на Македонско лекарско друштво,
Проф. д-р Владимир Борозанов – Претседател на Лекарска комора на Р. Македонија
Г-дин Саит Саити – Ген. сек. на Македонски црвен крст
Проф. д-р Јонче Неделкоски
Проф. д-р Тодор Стојчески
Прим. д-р Драган Ивановски
Прим. д-р Милош Грубовиќ

Конгресни теми

1. Предизвици за дарување на крв и крвни компоненти
2. Клиничка трансфузија и хемовигилност
3. Имунохематологија и имуногенетика
4. Безбедна трансфузија
5. Менаџирање и систем на квалитет во трансфузионата медицина
6. Хемостаза и тромбоза
7. Автоматизација и технологија во трансфузиона медицина

# ULCUS CRURIS VENOSUM ВО НАШ МАТЕРИЈАЛ

**Василева С. Витларова Ј. Камчев Н.***
ЈЗУ Општа болница Штип, *Универзитет " Гоце Делчев " Штип, Р.Македонија

Ulcus cruris venosum е конечна последична состојба кај напредната хронична венска инсуфициенција. Настанува спонтано или при најмала траума, а заради воспалителни, дегенеративни и некробиотички процеси во застојните предели на кожата. Во зависност од патогенетските и топографски предуслови се разликуваат Ulcus cruris venosum hypostaticum , поопсежна улцерацијасо мазно,бледоцрвено и често обложено со жолто-зеленикав гноен сецрет дно ,нагризани и крвави рабови и Ulcus cruris venosum postthromboticum кој се карактеризира со мали, длабоки, болни и тврдокорни улцерации и дно обложено со гнојно-некротични маси и подриени рабови.

**Цел** на трудот е да се прикаже застапеноста на Ulcus cruris venosum во вкупната патологија на Одделението за Кожни и венерични болести при ЈЗУ Општа болница Штип за период од 2003-2008 година.

**Материјал и методи:** Во анализираниот период на Одделението за Кожни и венерични болести во Штип лекувани се вкупно 1221 пациент од кои 175 пациенти со хронична венска инсуфициенција (94 мажи и 81 жена), на возраст од 30-70 години 114 пациенти, а над 70 години 61 пациент.

**Резултати:** Од лекуваните 175 пациенти со хронична венска инсуфициенција со Ulcus cruris venosum беа 110 пациенти (71 маж и 39 жени) или 63%од кои 45 пациенти или 41%беа на возраст над 70 години.

**Заклучуваме** дека најбројни се пациентите со хронична венска инсуфициенија и Ulcus cruris venosum кој настанува како конечна последична состојба при напредната хронична венска инсуфициенција.